*Екотуризам е одговорно патување во природата и посета на релативно непопречени природни заедници, со намера да се ужива и цени природата и сите културни вредности (минати и сегашни) што ја промовираат заштитата, имаат низок негативен удар на посетителите и овозможуваат корисно активно социо-економско инволвирање на локалното население.*

## Вредности на Водно и околината

1. ***Планинарење.*** Најпопуларна планинска патека е онаа што води директно од центарот на Скопје до врвот на планината. Како втора патека е онаа што води од врвот на Водно, па сѐ до Матка (крајот на теснецот на реката Треска). По неа има неверојатни погледи, но и неверојатно богатство на зоолошки и ботанички вредности.
2. ***Опуштено качување.*** Се практикува на Матка, којашто претставува главен центар за вежбање на опуштено качување.
3. ***Параглајдерство.*** Главно место за полетување од врвот на планината.
4. ***Планински велосипедизам.*** Има постојни планови и иницијативи некои од планинските патеки да се посветат на овој спорт.
5. ***Набљудување на птиците.*** Клисурата Матка е најблиско живеалиште за некои видови на грабливци и други видови на птици, како и природно миграциско место за неколку видови на преселни птици.
6. ***Фотографирање.*** Изобилство на прилики за фотографирање на разни животни, инсекти, пејзажни и фотоботанички можности.
7. ***Панорамски поглед.*** Водно има неверојатен поглед на град Скопје, на регионот на Скопска Црна Гора и планините Јакупица и Шар Планина.
8. ***Археолошки вредности.*** Археолошкото место Церје датира од неолитот и е сместено во близина на селото Говрлево, во околината на Скопје. Локалитетот датира од раниот неолит и во него се пронајдени низа археолошки ракотворби, меѓу кои и Божицата Мајка, направена од теракота. Ракотворбата Адам од Говрлево претставува фигура од младо тело, а се забележуваат и други остатоци од неолитска населба.
9. ***Религиозни објекти.***

- Манастирот „Св. Пантелејмон“ е лоциран во селото Горно Нерези во околината на Скопје. Бил изграден на староримско култно место. Сегашната црква била изградена од благородникот Алексиј Комнен во 1164 година.
- Манастирот „Св. Андреј“ е сместен покрај реката Треска, на локалитетот Матка во регионот на Скопје. Го градел Андреј, синот на кралот Лукашин и брат на кралот Марко. Бил изграден во 1389 година, според натписот кој се наоѓал на западниот ѕид од црквата.
- Повеќе помали манастири и остатоци - „Св. Недела“, „Св. Никола Шишевски“ и др.
- Милениумскиот крст со вкупна височина од 78 m, поставен на планинскиот врв на Водно.

## РИЗИЦИ ПРИ ЕКОТУРИЗАМ

**1- Шумски пожари**

**2- Невреме**

**3- Порои, одрони, свлечишта**

## ПРАВИЛА ЗА ИЗБЕГНУВАЊЕ РИЗИЦИ

- ✓ **Движи се само по патеките**
- ✓ **Следи ги патоказите и предупредувањата**
- ✓ **НЕ навлегувај во шумата**
- ✓ **НЕ се движи по ризични места**
- ✓ **НЕ пали оган во шума**
- ✓ **НЕ фрлај отпадоци**

**Во случај на итност, јави се на:**

**192 – Полиција**
**193 – Противпожарна бригада**
**195 – Центар за тревожење и известување**
**3177 470 – ЈП Паркови и зеленило – 3062 677**

***Проектот РИМАДИМА е финансиран од Европската Унија, а раководен од Европската агенција за реконструкција***

INTERREG III B CADSES
An EU-funded project managed by the European Agency for Reconstruction

# Проект: РИМАДИМА

RimaDima
RISK MANAGEMENT • DISASTER MANAGEMENT

# Водич за екотуристи и посетители на парк-шумата Водно и околината

***Шумарски факултет - Скопје***

Шумарски факултет Скопје

Parkovi i zelenilo

***ЈП Паркови и зеленило - Скопје***










The Milenium Cross on Vodno, that can be seen in radius of 50 km, is 66 meters high



Monastery St. Pantelejmon







## ЛЕГЕНДА

Детско одмаралиште
ХЕ Матка
Хотел Панорама
Хотел Водно
ЈП Паркови и зеленило
Милениумски крст
Планинарски дом

Поштенски дом
Сеизмолошки институт
СРЦ Треска
Црква Св. Андреја
Црква Св. Богородица
Црква Св. Никола
Ман. Св. Пантелејмон

Асфалтен пат
Патеки
Колски пат
Реки
Езера
Граница на парк-шума
Населени места